# ЗАКОН ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА

**Сл.Весник на Р.Македонија бр.98 од 27.12.2002 година**

**Член 1**

Во Законот за авторското право и сродните права ("Службен весник на Република Македонија" број 47/96 и 3/98), во членот 2 точка 2 по зборот "направено" точката и запирката се бришат и се додаваат зборовите: "и се изразува во материјална форма и во нематеријална форма. Објавувањето во материјална форма содржи: репродукција, дистрибуција, издавање, изнајмување и јавно изложување. Објавувањето во нематеријална форма (во натамошниот текст: јавно соопштување) содржи: јавно изведување, јавно пренесување, јавно прикажување и радиодифузно емитување и радиодифузно реемитување."

Точката 10 станува точка 7, а точките 7, 8 и 9 стануваат точки 8, 9 и 10.

**Член 2**

Во членот 28 ставот 2 се менува и гласи:

"Користењето од став 1 на овој член се врши во обем оправдан од конкретните намени и цели, определени со овој закон, но да не е повеќе од нужно спротивно на вообичаеното користење на делото и на законските интереси на авторот."

**Член 3**

Членот 29 се менува и гласи:

"Законски е дозволено репродуцирање авторски дела, освен компјутерски програми, во учебници, читанки и други публикации од слична природа, делови од авторски дела, кратки авторски дела и дела од областа на фотографијата, ликовната и применетата уметност, архитектурата, дизајнот и картографијата во целина, заради настава со непрофитна цел.

Законски е дозволено репродуцирање во цел обем на актуелни написи од дневен и периодичен печат, како и на коментари од радиодифузни емисии во кои се расправа за прашања од општ карактер од областа на економијата, политиката, религијата, уметноста, науката и слично, доколку тоа авторот изречно не го забранил.

Користењето од ставовите 1 и 2 на овој член, аналогно се применува и за јавното соопштување."

**Член 4**

Членот 30 се менува и гласи:
"Законски е дозволено радио и телевизиски организации да вршат радиодифузно емитување на авторски дела од сопствена продукција, освен на играни филмови."

**Член 5**

Во членот 32 зборот "објавувањето" се заменува со зборовите: "репродуцирањето или јавното соопштување".
Алинејата 3 се менува и гласи:
"- изјави за мас медиуми и извадоци од вести".

**Член 6**

Членот 33 се менува и гласи:
"Слободно е јавно изведување на авторско дело во непосредна настава и на непрофитни училишни приредби, доколку учесниците на приредбите не добиваат надомест.
Слободно е репродуцирање и јавно прикажување на радио и телевизиски емитувани авторски дела во настава со непрофитна цел.
Слободно е јавно изведување на авторско дело на манифестации од добротворен карактер, доколку учесниците на манифестациите не добиваат надомест."

**Член 7**

Членот 34 се менува и гласи:
"Слободно е репродуцирање без профитна цел на авторско дело, но најмногу во три примероци за:

- приватно користење од физичко лице заради лично усовршување, освен дела во електронски облик, за научни цели и за потреби на хендикепирани лица, под услов примероците да не и се достапни на јавноста и
- сопствено користење од непрофитни установи (архиви, библиотеки, кинотеки, музеи, други културни, образовни, научни и слични установи) под услов репродукциите да се направени од сопствен примерок или примерок на друга сродна установа, заради зачувување и заштита на делото.

Репродуцирањето во смисла на став 1 од овој член, не се однесува во обем на цело дело и тоа на книжевно дело, освен кога тиражот е исцрпен пред најмалку две години; на графичко издание на музичко дело, освен со рачно препишување; на бази на податоци во нееелектронски облик, освен за приватно користење во неелектронски облик; на компјутерска програма, како и на архитектонски објект, доколку со овој закон или со договор поинаку не е определено."

**Член 8**

Во членот 38 зборот "објавување" се заменува со зборот "издавање".
Член 9 Во членот 41 зборот "објавување" се заменува со зборовите: "јавно соопштување".

**Член 10**

Во членот 116 втората реченица се менува и гласи:
"Доколку во тој период снимката од неговата изведба била прв пат законски издадена или јавно соопштена, правата на изведувачот траат 50 години, сметано од првото законско објавување."

**Член 11**

Во членот 120 втората реченица се менува и гласи:
"Доколку во тој период фонограмот бил прв пат законски издаден, правата на продуцентот траат 50 години сметано од издавањето. Доколку во тој период фонограмот не бил законски издаден, туку бил законски јавно соопштен, правата на продуцентот траат 50 години, сметано од соопштувањето."

**Член 12**

Во членот 123 втората реченица се менува и гласи:
"Доколку во тој период видеограмот бил прв пат законски издаден или јавно соопштен, правата на продуцентот траат 50 години сметано од првото законско објавување."

**Член 13**

Во членот 128 бројот "20" се заменува со бројот "50".

**Член 14**

Во членот 171 ставот 2 се менува и гласи:
"Странски автори и странски носители на сродните права уживаат еднаква заштита како и лицата од став 1 на овој член, согласно со меѓународните договори, ратификувани од Република Македонија."
По ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4, кои гласат:
"Странски автори и странски носители на сродните права кои не уживаат заштита согласно со став 2 на овој член, уживаат заштита според членовите 172, 173, 174, 175, 176 и 177 од овој закон.
Странски автори и странски носители на сродните права кои не уживаат заштита од ставовите 2 и 3 на овој член, можат да уживаат еднаква заштита како и лицата од став 1 на овој член врз основа на фактички реципроцитет."
Ставовите 3 и 4 стануваат ставови 5 и 6.

**Член 15**

Во членот 184 ставот 2 се менува и гласи:
"Овој закон се применува на заштитата на правата на изведувачите на нивните снимени изведби на фонограми, доколку до денот на влегувањето

во сила на овој закон не изминале 50 години од првото законско издавање или јавно соопштување, сметано од првото законско објавување."

По ставот 2 се додаваат четири нови става 3, 4, 5 и 6, кои гласат:

"Овој закон се применува на заштитата на правата на фонограмските продуценти на нивните фонограми, доколку до денот на влегувањето во сила на овој закон не изминале 50 години од извршеното снимање. Доколку во тој период фонограмите биле прв пат законски издадени, заштитата трае 50 години сметано од првото издавање, а доколку не биле законски издадени, туку биле законски јавно соопштени, заштитата трае 50 години сметано од првото соопштување.

Начинот и условите за заштита на правата на авторите, определени во член 18 од Бернската конвенција за заштита на книжевни и уметнички дела, аналогно се применуваат и на заштитата на правата определени во ставовите 2 и 3 на овој член.

Овој закон се применува на заштитата на правата на радиодифузните организации на нивните емисии, доколку до денот на влегувањето во сила на овој закон не изминале 20 години од нивното прво радиодифузно емитување.

Овој закон се применува и на заштитата на другите предмети на сродни права, доколку до денот на влегувањето во сила на овој закон не изминале 20 години од нивното прво законско објавување."

**Член 16**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".